АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# Започна склучување на договори за помош на млади земјоделци



Во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во тек е склучување на договори за помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност во рамките на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година.



На Јавниот повик 01/2015 за доставување на барања за користење на финансиски средства од оваа Програма за мерката 112- Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност, кој беше објавен на 28.02.2015 и траеше до 31.03.2015 година беа доставени 198 барања за финансиска поддршка.

Ќе бидат склучени договори со 134 баратели на финансиска помош на млади земјоделци со вкупна вредност на финансиска поддршка на договорите кои се склучуваат во висина од 75 милиони денари.